Производство на топлина Балкан Енерџи ДООЕЛ
Бр. 0307-630
27.10.2020 год.
Скопје

Друштво за производство, трговија и услуги РКМ ДООЕЛ
Бр. 0307-58/1
26.10.2020 год.
СКОПЈЕ

# РАМКОВНА СПОГОДБА

## за набавка на масло за горење – мазут за потребите на Производство на топлина Балкан Енерџи ДООЕЛ Скопје

СТРАНИ ВО РАМКОВНАТА СПОГОДБА

**Производство на топлина Балкан Енерџи ДООЕЛ Скопје**, со седиште на адреса: ул. 515. Бр. 6 Скопје, телефон 02/5514-140, факс 02/5514-140, електронска адреса vivanovski@beg-proizvodstvo.com.mk,. Застапувано од управител Христо Кировски (Во понатамошниот текст како Договорен орган)

и

**Друштво за производство, трговија и услуги РКМ ДООЕЛ Скопје,** со седиште на ул. Даме Груев бр.16, Скопје, Центар, со ЕМБС 7081782 и ЕДБ 408001555341, застапувано преку управител Ратко Капушевски со живеалиште на ул. Аминта трети бр.53-1/3 Скопјје, Центар (во понатамошниот текст како економски оператор)

ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА:

Член 1

Предмет на оваа рамковна спогодба е јавна набавка на стоки – набавка на масло за горење – мазут до 55.000.000кг., со максимална содржина на сулфур до 1%, согласно македонскиот стандард за течни горива МКС.Б.Х2.430 или стандард кој е еквивалтентен, за потребите на Производство на топлина Балкан Енерџи ДООЕЛ Скопје, по отворена постапка бр.11377/2020 за период од Октомври 2020 година до Април 2021 година.

Договорниот орган ќе врши набавка согласно оваа Рамковна спогодба единствено во случај на прекин на снабдувањето со природен гас во топланите на договорниот орган и договорниот орган не е должен да врши набавки на мазут по оваа Рамковна спогодба доколку нема прекин во снабдувањето со природен гас во периодот на важење на оваа Рамковна спогодба, ниту да плаќа било каков надоместок спрема економскиот оператор во случај да не врши набавки на мазут по оваа Рамковна спогодба.

РОК, МЕСТО И НАЧИН НА ИСПОРАКА

Член 2

Економскиот оператор е должен да го испорачува предметот на оваа Рамковна спогодба согласно налозите за испорака кои ќе се издаваат од договорниот орган по испратена нарачка на е-маил, и тоа преку електронска комуникација на следните е-маил адреси:

- За договорниот орган; akirov@beg-proizvodstvo.com.mk
- За економскиот оператор: info@rkm.com.mk

Нарачката ќе се смета за полноважна единствено доколку е реализирана преку е-маил адресите наведени од претходниот став и доколку содржи: датум, опис на производот, количина, крајна дестинација и овластено лице кое ќе се потпише во име на договорниот орган како примач.

Економскиот оператор се обврзува да врши достава на нарачаните количини на масло за горење-мазут во утврдените рокови за испорека во наредниот став од овој член и тоа до топланите на Производство на топлина Балкан Енерџи ДООЕЛ Скопје: Топлана Запад (Тафталиџе-Скопје), Топлана Исток (Керамидница) и Топлана 11-ти Октомври (Кисела Вода). Доцнењето со испорака (делумно или целосно) во утврдените рокови ќе се смета за неисполнување на обврската при што Договориот орган го задржува правото да го раскине договорот или/и да бара надомест на штета што ја претрпел согласно правилата на ЗОО.

Договорниот орган се обврзува да ја врши испорака на мазутот во следните рокови:

- За нарачана количина до 150.000kg во рок од 24 часа од приемот на нарачката;
- За нарачана количина до 250.000kg во рок од 48 часа од приемот на нарачката; и
- За нарачана количина над 250.000кг во рок од 72 часа од приемот на нарачката.

Динамиката на испораката на мазут, која економскиот оператор се обврзува да ја врши по барање на договорниот орган, индикативно е наведена во следната табела:

| ДИНАМИКА НА ИСПОРАКА НА МАЗУТ<br><br>За период од Октомври 2020 година до Април 2021 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Месец | Прогноза на количини во kg | Број на цистерни во месецот | Број на цистерни на неделно ниво | Број на цистерни на дневно ниво<br><br>(испорака од понеделник до петок) |
| Октомври | 3.000.000 | 120 | 30 | 6 |
| Ноември | 8.500.000 | 340 | 85 | 17 |
| Декември | 11.500.000 | 460 | 115 | 23 |
| Јануари | 12.500.000 | 500 | 125 | 25 |
| Февруари | 9.500.000 | 380 | 95 | 19 |
| Март | 8.000.000 | 320 | 80 | 20 |
| Април | 2.000.000 | 80 | 20 | 4 |

Динамиката на испорака на мазутот од претходниот став на овој член се однесува на индикативни и максимални количини на мазут кои може да ги побара договорниот орган од економскиот оператор во периодот на важност на Рамковната спогодба, при што договорниот орган има право да набавува количини помали од наведените во табелата од претходниот став или воопшто да не изврши набавката на мазут од економскиот оператор во одредени месеци или за целото времетраење на Рамковната спогодба.

Економскиот оператор, мазутот ќе го испорачува со автоцистерни со вграден систем за далечинско следење на транспортот.

Автоцистерните, покрај општите барања за техничка исправност мора да ги исполнуваат и сите стандарди и услови за превоз на на опасни материи кои се соодветно пропишани во важечките законски прописи кои ја регулираат таа материја.

Автоцистерните треба да бидат соодветно извагани на сертифицирана вага и пломбирани по извршениот утовар од страна на економскиот оператор.

Договорниот орган ќе прими за истовар само автоцистерна со прописно поставена и неоштетена пломба и валиден документ за извршено вагање на сертифицирана вага.

Договорните страни предвидуваат дека предавањето на мазутот помеѓу економскиот оператор и договорниот орган се врши кога овластеното лице на договорниот орган го потврдува испратниот документ (Налог за набавка) со потпис и испишано полно име и презиме.

Покрај примениот мазут, договорниот орган ќе ја превземе и придружната документација наменета за него.

**ЕДИНИЧНА ЦЕНА И ВРЕДНОСТ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА**

**Член 3**

Единична цената на маслото за горење – мазут, со вклучен транспорт, ќе изнесува **21,28 денари/kg, без пресметан ДДВ.**

Максималната вредност на набавката по рамковната спогодба, согласно единичната цена од став 1 на овој член, изнесува **1.170.400.000 денари, без ДДВ**.

ДДВ за овој вид на услуга е 18%.

Заради одбегнување на било какво недоразбирање, договорниот орган има обврска на економскиот оператор да му плаќа цена само за количината на мазут која по оваа Рамковна спогодба ќе биде реално подигната од страна на договорниот орган.

**РАЗЛИКА ВО ЦЕНА ( КОРЕКЦИЈА НА ЦЕНИ )**

**Член 4**

Корекцијата на цената на предмет на овој Договор за јавна набавка ќе се врши во зависност од промената на цената на мазутот од страна на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на тој начин што соодносот меѓу понудената крајна цена за мазутот и највисоката цена за мазутот, определена од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, важечка во времето на поднесување на крајната цена од економскиот опратор (02-1835/1 од 07.09.2020 година), ќе се користи како корективен фактор при определувањето на цената на мазутот во сите испораки во текот на времетраењето на рамковната спогодба.

Како релевантен доказ за промената на цената на предметот на договорот за јавна набавка ќе се користат тековните Одлуки за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтени деривати и горива за транспорт донесени од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија кои што се во важност во периодот на секоја одделна испорака.

Врз основа на вака извршената пресметка, економскиот оператор ќе ја определува единичната фактурна цена по килограм мазут за секоја испорака поединечно.

## ОБВРСКИ НА ЕКОНОМСКИОТ ОПЕРАТОР

Член 5

Носителот на оваа рамковна спогодба ги има следниве обврски:

1. Да се придржува до бараните елементи на тендерската документација и дадената понуда по техничка спецификација,
2. Да се придржува до утврдените рокови за испорака на мазутот, имајки го притоа во предвид датумот на добиената нарачка, како и да ја надомести штетата при евентуално неисполнување во рок,
3. Да обезбеди налог за набавка, уверение за квалитет, изјава за сообразност и товарен лист со кантарска белешка со секоја испорака на мазутот,
4. Навремено да го информира Договорниот орган за секоја ново настаната ситуација и промена,
5. Да му достави комерцијална фактура на денот на испорака, со рок на плаќање од 7 дена од приемот на фактура,
6. Количината изразена во килограми внесена во товарниот лист ќе биде основа за фактурираната сума, освен во случај на измама, очигледна грешка или навремено оспорена колична на извршена достава,
7. Да достави документација со оригиналната фактура и тоа: товарен лист, налог за нарачка и потврда за квалитет.

## ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН :

1. Да му доставува налози со дефинирана динамика за испорака со испратена нарачка на е-маил со рок на доставување на мазутот не пократок од 24 часа од нарачката,
2. Да му доставува налог со точно дефинирана количина која треба да биде испорачана,
3. Да му доставува налог со точно дефиниран рок на испорака,
4. Да му доставува налог со точно утврдена адреса на испорака на мазутот,
5. Да го испочитува рокот на плаќање утврден во фактурата издадена од економскиот оператор.

## ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА КОЛИЧИНА И КВАЛИТЕТ

Член 6

Економскиот оператор ќе го декларира и ќе го фактурира мазутот според неговата тежина или волумен утврдени преку мерни инструменти за контрола на квантитетот на нафтените деривати одобрени од страна на надлежниот државен орган - Бирото за метрологија. Договорниот орган има право во секое време да побара од економскиот оператор да достави верификационен сертификат за мерните инструменти издаден од Бирото за Метрологија на Р.С. Македонија.

За извршениот утовар на мазут се издава Товарен лист со кантарска белешка од извршеното вагање со податоци за бруто, тара и нето тежина изразени во килограми.

Квалитетот на испорачаните нафтени деривати мора да одговара на важечкиот стандард за квалитет определен за мазутот, односно на важечкиот Правилник за квалитетот на течните горива.

Договорниот орган може да го рекламира квантитетот и квалитетот на мазутот согласно член 7 од овој договор.

## ЖАЛБА ЗА КВАЛИТЕТ И КВАНТИТЕТ

### Член 7

**Жалба за количина:**

Жалба за количината на истоварен мазут може да се поднесе од страна на договорниот орган, доколку се утврди дека истоварената количина на мазут не одговара со декларираната количина наведена на товарниот лист. Контрола на количината на мазут овластеното лице на договорниот орган може да побара од возачот на автоцистерната пред кинење на пломбите, со упатување на автоцистерната на одредено место заради мерење на вага. Вагата на која ќе се врши мерењето треба да поседува валиден сертификат за баждарено мерило издаден од институција надлежна за издавање на такви сертификати во Р.С. Македонија (Биро за метрологија). Се прави мерење на автоцистерната (полна пред почетокот на истоварот и празна по завршеток на истоварот) со задолжително присуство на овластено лице од страна на договорниот орган и возачот на местото на мерењето.

Соодветниот лист од мерењето-кантарска белешка, во случај на докажување на рекламација за евентуален кусок во испораката, задолжително треба да се приложи кон Налогот за набавка на горивото, на кој се впишува реално измерената количина на мазут.

**Жалба за квалитет:**

Договорниот орган има право да испрати жалба во рок од (7) седум календарски дена од прием на мазутот (според товарниот лист). Жалбите мора да се достават во писмена форма со приложените документи кои ја поддржуваат жалбата.

Во случај на поплака за квалитет, доколку жалбата не е решена со договор меѓу страните, договорниот орган има право да го испита квалитетот на мазутот во акредитирана лабораторија. Резултатот од ваквото испитување ќе биде конечен и обврзувачки за двете страни.

Сите трошоци за тестирање на квалитетот на крај ќе ги сноси страната за која резултатите се неповолни.

Во случај на несоодветен квалитет, Договорниот орган има право да го раскине договорот и / или да бара надомест на штета, доколку наводите од жалбата бидат потврдени со испитувањето во акредитираната лабораторија.

## ОДРЕДБА ЗА ДОВЕРЛИВОСТ

### Член 8

Договорните страни се согласуваат дека сите информации, факти - особено, но не ограничувајќи се на постоењето на овој Договор и неговата содржина - за другата страна и нејзините активности, примени или

примени во кое било време и на кој било начин од една страна во врска со заклучокот и извршувањето на овој договор, треба да се сметаат за деловна тајна (доверливи информации) и како такви нема да бидат откриени на трети страни или оставени достапни или употребливи за која било друга цел освен извршувањето на овој договор.

Обврската за необјавување нема да се однесува на информации што:

припаѓаат на јавен домен или, од која било друга причина не е предизвикана од дело или пропуст на страната-примател, конечно стануваат познати на јавноста

веројатно и се познати на Страната примател пред датумот на влегување во сила (стапување на сила) на овој договор, или

да бидат објавени или обелоденети со закон, правила на берза или владин налог, до степен што го бара законот.

Раскинувањето на постојниот договор, од која било причина, нема да влијае на постојната обврска за тајност, која ќе престане да важи три (3) години од датумот на неговото раскинување / извршување.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ:**

**Член 8**

Договорниот орган може да го раскине, измени или одложи овој Договор во следните случаи:

- ако економскиот оператор не ги извршува своите обврски,
- ако испорачаниот мазут не ги задоволува пропишаните норми за квалитет согласно МКС.Б.Х2.430 и важечкиот Правилник за квалитет на течни горива,
- ако настанат вонредни околности не по вина на договорниот орган кои оневозможуваат извршување на договорот,
- ако двете договорни страни се согласат,
- поради виша сила,
- други случаи предвидени со ЗОО.

Економскиот оператор може да го раскине, измени или одложи овој Договор во следните случаи:

- ако економскиот оператор не ја исполнува обврската за исплата на фактурираниот износ во рокот определен во истата,
- ако настанат вонредни околности не по вина на економскиот оператор кои оневозможуваат извршување на договорот,
- ако двете договорни страни се согласат,
- поради виша сила,
- други случаи предвидени со ЗОО

Член 10

Договорниот орган и економскиот оператор се обврзуваат евентуалните недоразбирања во договорот да ги решаваат спогодбено, со почитување на меѓусебен човечки и професионален углед и достоинство.
Во краен случај евентуалниот спор ќе го решава надлежен суд во Скопје.
За сè што не е предвидено со овој договор важат одредбите на Законот за облигациони односи.

**Член 11**

Договорните страни се согласни за потреба од несуштински измени на основниот договор да склучат анекс на договорот.
Не се дозволуваат измени на договорот кои се однесуваат на дополнителни услуги кои не се предвидени во техничката спецификација, односно не се дозволува финансиско зголемување на вредноста на договорот како резултат на дополнителни услуги.

**Член 12**

Оваа Рамковна спогодба е склучена на македонски јазик.
Важноста на рамковната спогодба е до 30.04.2021 година или до искористување на максималната вредност од членот 3 став 2 од оваа Спогодба.

**Член 13**

Рамковната спогодба е составена во најмалку 4 еднообразни примероци од кои по _2__/два/ за секоја договорна страна, а останатите за службена употреба.

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

| | |
|---|---|
| **Економски оператор** | **Договорен орган** |
| **РКМ ДООЕЛ Скопје** | **Производство на топлина Балкан Енерџи ДООЕЛ Скопје** |
| **Управител** | **Управител** |
| **Ратко Капушевски** | **Христо Кировски** |